# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

## Службен гласник бр. 4/2022
## 01.04.2022 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за определување на дефицитарни занимања и занаети во изумирање на територијата на општина Неготино**

Се објавува **Одлука за определување на дефицитарни занимања и занаети во изумирање на територијата на општина Неготино** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **31.03.2022** година.

**Бр.09-262/1**
**01.04.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр. 5/02), член 2 став 2 и член 6 став 6 од Законот за комуналните такси(„Службен весник на РМ” бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15, 192/15 и 23/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 151/21) и член 79 став 1 точка 5 од Статутот на општина Неготино („Сл.Гласник на општина Неготино “ бр. 3/06), а во врска со член 8 од Правилникот за утврдување на критериумите за стимулација на инвестиции во општина Неготино (Сл.Гласник на општина Неготино бр.2/2022), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **31.03.2022** година ја донесе следната

## О Д Л У К А
## За определување на дефицитарни занимања
## и занаети во изумирање на територијата на општина Неготино

### Член 1

Општина Неготино како дефицитарни занимања и занаети во изумирање на територијата на општината ги определува следните занимања:

- **поправка на часовници и накит**
- **ковач**
- **лимар**
- **поправка на обувки и производи од кожа**
- **клучар**
- **самарџија**
- **грнчар**
- **шнајдер**
- **дрводелец**
- **бочвар**
- **столар**
- **резбар**
- **кујунџија**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „**Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр.08-240/3**
**31.03.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за усогласување на платата на вработените во општинската администрација на Општина Неготино со минималната плата во РСМ**

Се објавува Одлука **за усогласување на платата на вработените во општинската администрација на Општина Неготино со минималната плата во РСМ** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **31.03.2022** година.

**Бр.09-262/2**
**01.04.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа ( „ Сл.весник на РМ “ бр.2/05 ), член 2, 3 и 4 од Законот за минимална плата на РСМ ( „ Сл.весник на РМ “ бр. 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15,132/17 ,140/18) и ( „ Сл.весник на РСМ “ бр. 124/19 , 239/19, 41/22 ) и член 79 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Неготино ( Сл. гласник на Општина Неготино бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 , 16/14 и 13/20 ) Советот на Општина на седницата одржана на ден **31.03.2022** ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За усогласување на платата на вработените во општинската администрација на Општина Неготино со минималната плата во РСМ**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши усогласување на платата на вработените во општинската администрација на Општина Неготино со висината на минималната плата објавена во Законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во РСМ ( Сл. весник на РСМ бр.41/22 )

Усогласувањето од став 1 на овој член се однесува на одредени помошно стручни административна службеници од категорија Г и одредени помошно технички лица чија плата е помала од утврдената минимална плата.

**Член 2**

Се задолжува Секторот за финансиски прашања во Општина Неготино да ја врши пресметката на плата за вработените од член 1 став 2 согласно оваа одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “**

**бр.08-240/4**
**31.03.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги, директорот и административните службеници на ЈУОДГ ,,Фемо Кулаков “Неготино за 2022 година**

Се објавува **Заклучок за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги, директорот и административните службеници на ЈУОДГ ,,Фемо Кулаков “Неготино за 2022 година** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **31.03.2022** година.

**Бр.09-262/3**
**01.04.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 166 а од Законот за заштита на децата („Сл.весник на РМ“ бр.23/13...... 198/18 и Сл.весник на РСМ 104/19) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на општина Неготино,, бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **31.03.2022** година ја донесе следната

## О Д Л У К А

### За утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги, директорот и административните службеници на ЈУОДГ ,,Фемо Кулаков “Неготино за 2022 година

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите за давателите на јавни услуги,директорот и административните службеници на ЈУОДГ **,,Фемо Кулаков,,** Неготино за периодот 01.01.2022 година до 31.12.2022 година изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „**Службен гласник на општина Неготино“,** а ќе се применува започнувајќи со исплата на платата за јануари 2022 година.

**бр.08-240/5**
**31.03.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 и 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на Општина Неготино за 2021 година**

Се објавува **Заклучок за усвојување на Годишниот извештај за работа на Општина Неготино за 2021 година ,** што Советот на Општина Неготино го усвои на седницата одржана на ден **31.03.2022** година.

**Бр.09-262/4**
**01.04.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (,,Сл.весник на РМ ,, бр.5/02) и член 79 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на Општина Неготино ,, бр.3/06, 2/11 , 9/11, 16/12 , 16/14 и 13/20), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **31.03.2022** година го усвои следниот

## З А К Л У Ч О К

**За усвојување на Годишниот извештај за работа на Општина Неготино 2021 година**

**Член 1**

Советот на Општина Неготино го усвои **Годишниот извештај за работа на Општина Неготино за 2021 година.**

**Член 2**

Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на Општина Неготино “.

**бр.08-240/6**
**31.03.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

**ОПШТИНА НЕГОТИНО**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО ЗА 2021 година

**Неготино, Март 2022 година**

## Вовед

Општината Неготино е лоцирана во централниот дел од Република Македонија, во областа на средното Повардарие. Му припаѓа на Вардарскиот регион, а како посебна природна средина му припаѓа на Тиквешко вардарски регион. Го зафаќа источниот дел од Тиквешката Котлина, на двете страни од реката Вардар, а на југоисток граничи со Демир Капија. Граничи со општините: на север со општина Штип, на исток со Конче, на југ со Кавадарци, на запад со Росоман и на северозапад со Градско. Зафаќа површина од 414 км2 и во неа живеат 19.212 жители, во градот Неготино и во други 18 населени места, од кои 4 се целосно раселени. Општина Неготино се наоѓа на просечна надморска височина од 150 м. Територијата на општината Неготино, како дел од областа Тиквеш и Повардарие, е под влијание на медитеранската клима, која продира од југ, преку Демиркаписката Клисура, и на континенталната клима, која продира од север, преку Велешката Котлина.

Локалната самоуптрава е главниот носител на економскиот развој на општината, или поточно, како локална влада таа ги посочува економските потреби заради побрз стопански развој, привлекување на нови и зачувување на постојните бизниси, маркетинг, користење, располагање и управување со недвижен имот, креирање на локалната даночна политика во смисла на даночни олеснувања за проширувања на бизнисот, образование и обука, развој на малите претпријатија, одржување на општинската инфраструктура, или генерално речено локалниот економски развој претставува се она што општината може да го направи за подобрување на економијата и социјалната благосостојба на нејзините граѓани.

Општина Неготино е единица на локалната самоуправа, во која граѓаните го остваруваат правото на локална самоуправа.

Правото на локална самоуправа се остварува преку претставници во органите на општината и со непосредно учество на граѓаните во одлучувањето, на начин и постапка утврдени со закон.

Општината е правно лице со седиште во Неготино

**Надлежност**

Општината самостојно, во рамките на законот и Статутот ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со Законот за локална самоуправа, или друг закон, како и работите кои не се исклучени од нејзина надлежност или не се во надлежност на органите на државната власт.

Надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:

- Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште;
- Заштита на животната средина и природата, со преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето;
- Локален економски развој, водење на локална економска политика;
- Комунални дејности, пред се снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални патишата и друг вид комунални дејности;
- Култура, преку институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти;
- Образование, основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт;
- Социјална и детска заштита, изградба и одржување на детски градинки и домови за стари, социјална грижа за инвалидните лица, деца со посебни потреби, деца без родители и друго;
- Здравствена заштита, односно управување со мрежата на јавни здравствени организации, превентивни активности, надзор над заразни болести;
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања, природни непогоди;
- Противпожарна заштита што ја вршат територијалните противпожарни единици;
- Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

**Организација и сметки**

Органи на општината се:

1. Советот и
2. Градоначалникот.

**Совет:**

Советот на Општината е претставнички орган на граѓаните.

Советот на Општината го сочинуваат 15 претставници на граѓаните избрани на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање.

Мандатот на членовите на Советот трае четири години.

Советот ги врши следните работи:

- Го донесува статутот на општината и други прописи;
- Донесува буџет на општината и годишна сметка на општината;
- Ја утврдува висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината, во рамките утврдени со закон;
- Ги усвојува извештаите за извршување на буџетот и годишната сметка на општината;

- Одлучува за начинот на располагање со сопственоста на општината;
- Врши и други работи утврдени со закон.

Седниците на советот се свикуваат по потреба, но најмалку еднаш во три месеци, на барање на градоначалникот или на барање на најмалку ¼ од членовите на советот. Советот може да работи ако на седниците присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови на советот. Седниците на советот се јавни.

Членовите на советот имаат право на надоместок за присуство на седници и надоместок на патните и дневните трошоци.

Претседателот на советот се избира од редот на членовите на советот, со мандат од четири години. За претседател на советот е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од вкупниот број членови на советот.

**Градоначалник**

Градоначалникот се избира на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање во согласност со закон за период од четири години.

Градоначалникот ги врши следните работи:

- Ја претставува и застапува општината;
- Ја контролира законитоста на прописите на советот;
- Го обезбедува извршувањето на одлуките на советот;
- Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на сопственоста на општината;
- Го обезбедува извршувањето на работите коишто со закон и се делегирани на општината;
- Избира директори на јавните служби кои се основани од општината, врз основа на јавен конкурс;
- Донесува правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;
- Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените;
- Врши други работи утврдени со закон и со статут.

Во економијата на општината постојат деловни субјекти распоредени по следниве индустриски гранки, производни и услужни дејности:

Табела Активни деловни субјекти по дејности 2019 според Националната класификација на дејностите Рев.2 во Општина Неготино (Државен завод за статистика на Република Македонија):

| **Дејност** | број |
|---|---|
| **Земјоделство, шумарство и рибарство** | 31 |
| **Рударство и вадење на камен** | 2 |
| **Преработувачка индустрија** | 114 |
| **Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација** | 1 |
| **Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината** | 4 |
| **Градежништво** | 48 |
| **Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли** | 240 |
| **Транспорт и складирање** | 149 |
| **Објекти за сместување и сервисни дејности со храна** | 49 |
| **Информации и комуникации** | 8 |
| **Финансиски дејности и дејности на осигурување** | 2 |
| **Стручни, научни и технички дејности** | 57 |
| **Административни и помошни услужни дејности** | 7 |
| **Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување** | 2 |
| **Образование** | 10 |
| **Дејности на здравствена и социјална заштита** | 35 |
| **Уметност, забава и рекреација** | 12 |
| **Други услужни дејности** | 31 |
| **Големина** | |
| **Микро** | 549 |
| **Мали** | 238 |
| **Средни** | 13 |
| **Големи** | 2 |
| | |
| **Вкупно** | 802 |

## Завршна сметка на Општината за 2021 година

### Приходи на Општината

Во **2021 година** Општина Неготино од вкупно планираниот Буџет **479.390.656,оо денари** има остварено реализација од **385.234.790,оо денари** .

Во **2021 година** приходите во **Завршната сметка** по носители изнесуваат:

| *Опис* | *Планирано* | *Реализирано* |
|---|---|---|
| Основен буџет | 193.128.805,00 | 134.078.151,00 |
| Самофинансирачки активности | 14.730.000,00 | 9.535.720,00 |
| Сметка на Дотации | 236.365.694,00 | 220.273.608,00 |
| Сметка на Донации | 15.273.127,00 | 7.765.967,00 |
| Сметка на кредити | 19.893.030,00 | 18.911.889,00 |
| **ВКУПНО** | **479.390.656,00** | **390.565.335,00** |




Во **2021 година Основниот буџет** има остварено вкупно приходи од **134.078.151,00 денари** додека расходите се реализирани од **134.078.151,00 денари.**

Во **2021 година** од **Самофинансирачките активности** остварени се приходи во износ од **9.535.720,00 денари.**

Во **2021 година** од **Блок дотации** остварени се приходи од **220.273.608,00 денари.**

Во **2021** година од **Донации** остварени се **7.765.967,00 ден**

## Основен буџет

Со **Буџетот** на **Општина Неготино** за **2021 година** од планираните **193.128.805,00 денари** заклучно со **31.12.2021 година** има реализација од **134.078.151,00 денари** . Реализацијата на планираните и остварените приходите се прикажани во следната табела:

| *Ставка* | *Опис* | *Планирано* | *Реализирано* |
|---|---|---|---|
| **711** | Данок од доход, добивка и од капитални добивки | 5.300.000,00 | 4.753.411,00 |
| **713** | Даноци на имот | 16.000.000,00 | 18.084.017,00 |
| **717** | Даноци на специфични услуги (комунални такси) | 41.237.113,00 | 29.821.546,00 |
| **718** | Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 1.625.0000,00 | 764.222,00 |
| **722** | Такси и надоместоци | 1.050.000,00 | 661.378,00 |
| **723** | Такси и надоместоци | 71.000,00 | 34.210,00 |
| **724** | Други владини услуги | 250.000,00 | 0,00 |
| **725** | Други неданочни приходи | 10.850.000,00 | 9.002.789,00 |
| **733** | Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 33.150.000,00 | 12.827.462,00 |
| **741** | Транфери од други нивоа на власт | 83.565.692,00 | 58.129.116,00 |

| *Ставка* | *Опис* | *Планирано* | *Реализирано* |
|---|---|---|---|
| | **ВКУПНО** | **193.128.805,00** | **134.078.151,00** |

## Приходи од самофинансирачки активности

Буџетските корисници остваруваат приходи од т.н. **Самофинасирачки активности** кои што претставуваат составен дел на **Завршната сметка** на **Буџетот на општината**. Во следниот табеларен преглед се искажани овие остварени приходи по буџетски корисници, од планираните **14.730.000,00** ден, остварена реализација во износ од **9.535.720,00** ден.

## Приходи од блок дотации

Блок дотациите се приходи со кои што се финансираат буџетските единки и се наменети за плати и надоместоци од плати и тековно одржување (превоз на учениците,струја, вода, телефон, греење и сл). Од планираните **236.365.694,00 денари** има реализација од **220.273.608,00 денари.** . Средствата од Блок дотации се остварени по основ на доделени средства од министерствата за користење на буџетските едински.

## Приходи од донации

Составен дел на **Завршната сметка-Буџетот на општина Неготино** се и Приходите од **Донации.** Од планираните **15.273.127,оо денари** реализирани се **7.765.967,оо денари**.

## Р А С Х О Д И

Во **2021 година** беа планирани програми и потпрограми кои што се реализирани делумно од остварениот приход во оваа фискална година. **Завршната сметка на буџетот на општина Неготино** за **2021 година** е составена од основен буџет, блок дотации, самофинансирачки активности , донации и кредити. Во следната табела ги искажуваме планираните со реализираните расходи:

| *Опис* | *Планирано* | *Реализирано* |
|---|---|---|
| Основен Буџет | 193.128.805,00 | 134.078.151,00 |
| Самофинансирачки активности | 14.730.000.,00 | 8.754.238,00 |
| Дотации | 236.365.694,00 | 220.273.608,00 |
| Донации | 15.273.127,00 | 3.216.904,00 |
| Кредити | 19.893.030,00 | 18.911.889,00 |
| **ВКУПНО** | **479.390.656,00** | **385.234.790,00** |

Во **Консолидираната Завршна сметка на Буџетот на општина Неготино** за **2021 година** средствата по намена и нивното процентуално учество од вкупните расходи се искажани во следната табелата:

| | *Опис* | *Основен Буџет* | *Блок дотации* | *Самофинан активности* | *Донации* | *кредити* | *Вкупен буџет* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 40 | Плати, наемнини и надоместоци за вработените | 30.675.000,00 | 174.237.528,00 | 0,00 | 0,00 | **0,00** | **204.912.528,00** |
| 41 | Резерви и недефинирани расходи | 1.000.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | **0,00** | **1.000.000,00** |
| 42 | Стоки и услуги | 56.165.100,00 | 38.081.424,00 | 14.200.000,00 | 4.826.284,00 | **0,00** | **113.272.808,00** |
| 45 | Каматни плаќања | 55.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | **0,00** | **55.000,00** |
| 46 | Субвенции и трансфери | 16.287.350,00 | 1.140.742,00 | 330.000,00 | 514.096,00 | **0,00** | **18.272.188,00** |
| 47 | Социјални бенефиции | 1.370.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | **0,00** | **1.370.000,00** |
| 48 | Капитални расходи | 85.026.355,00 | 22.906.000,00 | 200.000,00 | 9.932.747,00 | **19.893.030,00** | **137.958.132,00** |
| 49 | Отплата на главница | 2.550.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | **0,00** | **2.550.000,00** |
| | ***ВКУПНО*** | ***193.128.805,00*** | ***236.365.694,00*** | ***14.730.000,00*** | ***15.23.127,00*** | ***19.893.030,00*** | ***479.390.656,00*** |

## Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средства и нивна вредност

Заклучно со 31.12.2021 година евидентирана е следната состојба:

- Парични средства на сметката на Основниот буџет од 19.097.318,00 денари,
- Парични средства на сметката на Блок дотации од 49.577.207,00 денари,
- Парични средства на сметката на Донации во износ од 4.339.152,00 денари,
- Побарување по основ на надомест за уредување на градежно земјиште и легализација во износ од 4.941.597,00 денари,
- Побарување по основ на заеднички трошоци во општинската зграда во износ од 783.504,00 денари,
- Обврски спрема добавувачи во земјата во износ од 26.440.054,00 денари

## ИЗВЕШТАЈ
## за работа на Одделение за правни и општи работи за 2021 година

### Совет на општина Неготино

Во 2021 година Советот на општина Неготино одржа 29 седници од кои 12 редовни и 17 вонредни седници.

Составот на Совет (2017-2021) година одржа 22 седници од кои 8 редовни и 14 вонредна.

Составот на Совет ( 2021-2025 ) одржа конститутивна седница на 01.11.2021 година и во текот на годината одржа 4 редовни и 3 вонредни седници

### Реализирани Експропријации во 2021 година:

- Заради реализација на урбанистички план за дел од КП бр. 8350/2 и дел од КП бр. 8133 КО Неготино паркиралишта и зеленило од ДУП за дел од УЗ 7 уб 7.1 Неготино извршена експропријација на имот на ТБЕТА ДООЕЛ , вредност од **2.057.106,00** денари

- Заради реализација на урбанистички план за урбана заедица 5 урбан блок 5.1. – ДУП Неготино извршена е експропријација на имот на Фетка Ѓорѓиева , вредност од **430.860,00** денари

- Заради реализација на Проект за кружен тек на улица „ Маршал Тито“ на спој со улица „Баба Ана Ташева“ и улица „Индустриска“ КО Неготино извршена е експропријација на имот на:

- Илиевска Вукица, Станковиќ Горица и Емшова Станика во износ од 16.800,оо денари
- ДПТУ ДАЈО ТУРС ДООЕЛ Неготино во износ од 112.680,00 денари
- Љупчо Дилберов во износ од 555.756,00 денари
- ТБЕТА ДООЕЛ Неготино во износ од 62.400,оо денари

**Судски предмети во постапка**

Во текот на 2021 година Одделението за правни и општи работи ја застапуваше Општина Неготино пред судовите во Република Северна Македонија во тужби против Општина Неготино за :

- надомест на нематеријална штета ( по тужба за кучиња скитници )МАЛВ П бр. 26/21, МАЛВ П бр.25/21, МАЛВ П бр.24/21- Пред Основен суд Неготино

- тужби за долг по основ не платени договорни услуги П4 бр.1/21, 06-635/1 – Пред Основен суд Кавадарци МАЛВ п бр.24/20, МАЛВ П бр.27/20

- тужби во ВПП надомест за експроприирана недвижност- пред Основен суд Неготино

- тужби од работен однос за надомест на побарувања од работен однос - Пред Основен суд Неготино

- тужба за враќање на работа – пред Основен суд Неготино

**Односи со јавноста и медиуми**

- Следење, водење и изготвување на Записници од Седници на Совет на Општина Неготино ;

- Изработка на седници, одлуки како и службени гласници заедно со раководител на одделение за правни и општи работи;

- Подготовка на текстови и објавување на истите на официјалната веб страна на општината, како и фб страната на градоначалникот;

- Подготовка на прес конференции, јавни настапи на градоначалникот на општината ;

- Изработка на брошура за реализирани активности на општина Неготино
- Изготвување на записници во рамки на Кризен штаб на општина Неготино за време на Корона кризата и спроведување на истите до надлежни институции
- Лица за контакт на ЗЕЛС и изготвување на матријали за потребите на ЗЕЛС

**Информации од јавен карактер**

Во текот на 2021 година се примани вкупно 29 барања.

- Број на позитивно одговорени барања 29;
- број на одбиени и отфрлени барања со наведување на причините на секое одбиено и отфрлено барање – нема;
- број на неодговорени барања- нема;
- Број на вложени жали против провостепени одлуки- нема;
- Број на усвоени жалби со одлуката на Агенцијата – една;
- Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Агенцијата – нема;
- Број на одбиени жалби од Агенцијата и причини за нивно одбивање – нема;

Број на отфрлени жалби од Агенцијата и причини за нивно отфрлени – нема;

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ ОД ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО ЗА 2021 ГОДИНА**

Следејќи ја нашата заложба за транспарентност во работењето, пред Вас е извештајот за она што ние го работевме оваа година во форма на прегледен извештај, каде сите активности и проекти се наведени во соодветните области, односно потпгограми.

Во оваа веќе изминатата 2021 година за Општина Неготино претставуваше година на изработка на инфраструктурни проекти и многубројни активности кои треба да придонесат кон зголемување на економскиот раст и подобрување на условите а живот на месното население како и подобрување на животниот стандард на жителите од опшрина Неготино.

Извештајот за релизираните активности е изработен во склад со расположивите финансиски средства во Буџетот на општина Неготино за 2021 година и се темелат на донесената Програма за Комуанлни дејности и уредување наградежното земјите на просторот на општина Неготино за 2021 година од страна на Советот на општина Неготино, барања и забелешки на граѓаните и правни субјекти од нашата општина, како реализацијата на оперативните програмаи на ЈП Комуналец од Неготино согласно со Законот за комунални дејности (Сл.весник на РМ бр.95/12;163/13;42/14;44/15; 147/15 и 31/16 )

## ФА - УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Согласно со законот за градење за отпочување на градежни активности неопходни се претходни активноисти во делот на изработка на проектна документација, изработка на проекти за инфраструктурни објекти, проекти за сообраќајни решенија, вршење на ревизија на истите, изработка на геодетски елаборати за податоци за градежно земјите,аплицирање на целокупна документација за добивање на Одобрение за градба, како и аплицирање на соодветна документација за добивање средства за нивно финасирање од владини и невладини институции и организации. За таа цел се изработени следните проектни документации:

-Изработка на проектна документација-основен проект за реконструкција на тротоар од улица Маршал Тито од библиотеката до автобуската постојка на ул.Маршал Тито,

-Изработка на основен проект за реконструкција на тротоар од улица Маршал Тито од билиотеката до Либерта и ул Партизанска од ценарот до црквата;

- Изработка на Основен проект за реконструкција на тротоарот и велосипедската патека од булеварот на Маршал Тито од полициската станица до регионалниот пат до надвозникот,.

- Изработка на Инфраструктурен и Основен проект за изградба на улица во с.Пепелиште,.

- Изработка на Сообраќаен проект за траен режим на сообраќај на улици Антигона, Едвард Кардељ,

- Изработка на основени проекти за реконстрикција на јавни површини –тротоар на улица Маршал Тито.

- Изработка на Сообраќаен проект за времен режим на сообраќај за време на изведување на градежни работи за ул.Првомајска, Вељко Влаховиќ, Тиквешка,Вардарска,Енгелсова со добивање на согласност од МВР и Решение за одобрување

- Изработка на за изгрдаба на градски пазар (изработен, и одобрен проект),

- Изработка на проект за доградба на колектор од околу 400м пред испуст во река Вардар. (изработен, и одобрен проект),

-Изработка на Основен проект за изградба на комплетна инфраструктура за улица Дојранска и дел од јужната обиколница(изработен, и одобрен проект);

-Изрботка на Основен проект со целосна комунална и патна инфраструктура за крак од улица ЈНА;.

**-** Изработка на проектна документација- Основен проект за новата Социјална зграда за приклучок на атмосферска и фекална канализациона и водоводна мрежа ;

- Порачан за Изработка на Основен проект за кружен тек и истиот е реализаиран;

- Изработка на Основен Сообраќаен проект за сигнализација на кружниот тек и истиот е релизиран.

- Изработка на Основен проект за хортикултурно уредување на земјина површина во непосредна близаина на новата детска градинака;

- Изработка на осноа техничка документациа за Основен проект за реконструкција на жардинерии и тротоари до зградите Неготинки на улица Маршал Тито;

Изработка на Елаборати за ажурирана геодетска подлога и Елаборат за нумерички податоци за потребите на општина Неготино;

## ЈО–ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

За реализација на оваа потпрограма беше склучен договор со ЈП Комуналец како даваетел на услугата и со правниот субјект АС-ИНГ за одржување (поправка) на урбаната опрема.

Одржување на фонтани, мали фонтани за вода за пиење, градска чешма на стара чаршија и сервисирање на потопни пумпи од фонтани го изведуваше ЈП Комуналец по претходно склучен договор со општина Неготино

.Од страна на ЈП Комуналец периодично се вршење чистење на фонтаните и нивно полнење со потребната вода како и сервисирање на потпопни пумпи.

За монтажа и демонтажа на светлечки украсни елементи и новогодишна елка на јавна површина и нивно доведување во исправна состојба беа склучени договори на дело со работници како со Алкито за ангажирање на диглака за монтажа и демонтажа светлачки украсни елементи и новогодишна елка на јавна површина.

Во делот на одржување на урбаната опрема за поправка на клупи за седење, поправка на садеви за комунален отпад извршена е јавна набавка и беше склучен договор со правното лице АС-ИНГ за нивна поправка и доведување во првобитна состојба.

## Ј1 - СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА

За тековно одржување водснабдителни системи во приградските населби (поправка на потпни пумпи, санирање на дефект на водоснабдителна мрежа,набавка на течен хлор, набавка на хлорни станици ) општина Неготино склучи договор со ЈП Комуналец како и со други правни субјекти.

- Извршена на набавка по пат на јавна набавка од правниот субјект Интер Хем на течен хлор за хлорирање на водоснабдителните системи во приградските населби.(Дистрибуцијата и неговата контрола за исправност ја врши ЈПКомуналец)
- Извршена е одржување на хлорни станици во с.Војшанци-стар резервоар,с.Пепелиште стар водоснабдителен систем, с.Курија на постоечки водоснабдителен систем,одржување на водоснабдителен систем во с.Тремник и с.Долни Дисан;
- Извршена е поправка на потопна пумпа и чистење на бунарот на водоснабдителен систем во, с.Тремник, од страна на ЈП Комуналец
- Извршено е поправка на дефекти на водоснабдителен систем во с.Тремник
- Извршено е поправка на дефекти на водоводна мрежа во с.Пепелиште

- Извршено е поправка на дефекти на водоснабдителен систем во с.Курија од страна на ЈП Комуналец.
- Поставување на нови фонтани за вода за пиење на Спомен Костурницата и детско игралиште кај старите базенти на Тимјаничка улица;

-Со цел подобрување на водоснабдувањето во градот, општина Неготино изврши вклучување на каналска вода во парарелниот систем од хидросистемот Тиквеш.Одржувањето на парарелниот систем за каналска вода му е остапено на ЈП Комуналец како давател на услугата.

## Ј2 –ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

Предвидените активности за одржување на Атмосферската канализациона мржа општина Неготино ја обавува ЈП Комуналец како давател на услугата со склучување на договор за регулирање на меѓусебните обврски како и други соодветни правни лица кои ги исполнуват условите за вршење на дејноста согласно со законската регулатива .

Извршено е отпушување на фекална канализациона мрежа во с.Тимјаник по барање на граѓани.

Извршено е отпушување на фекална канализациона мрежа во с.Долни Дисан по барање на граѓани од страна на ЈП Комуналец.

Извршено е санација и отпушување на фекална канализациона мрежа во Неготино по барање на граѓани од страна на ЈП Комуналец со сопствен возило наменето за вакви работи;.

Извшени се градежни активности за санација на косини на кејот од речното корито на Неготинска рекаодизведено од Градба Промет;

## Ј3-ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Во системот на улично осветлување во општина Неготино се евидентирани 2224 сијалични места и притоа се настојува да се постигне потребниот стандард од најмалку 90 до 95 % функционални инсталирани сијалични места во исправа состојба. Во Неготино се инсталирани 921лед сијалица, и 324лед сијалици украсни канделабри со пластична топка и во населените места има поставено 577лед сијалици и живини светилки има поставено на 286 сијалични места и во населените места Курија,Вешје,Калањево и Црвени брегови се монтирани

100броја на живини сијалици и 75 рефлектори од ои од 400w 2 броја, од 250 w се 24 броја, од 1000 w се 41 број и од 200 w се 8 броја (лед сијалици-рефлектори).Во населените места има монтирано вкупно 12броја од кои од 250w се 2 броја и од 400 w се 10 бројаВо оваа насока се изработи План за подобрување на енергетска ефикасност за оппштина Неготино и притоа минатата година живините сијалични места се заменија со лед сијалици на постоечките сијалични места со поквалитетни и поекономични сијалици и од 42 трафостаници е извадено уличното осветлување и во метален орман постан до самата трафостаница со монтирана внатре во нив автоматика за управување на уличното осветлување од кои 42 броја се во градот и 14 броја во населните места.

Потрошувачката на електрична енергија за уличното јавно осветлување земено од 01.11.2020 до 31.10.2021 година вкупно изнесува 482.176,9KWh, а по месеци е следно:

| Месеци и година | Потрошена електрична енергија во KWh |
|---|---|
| Ноември 2020година | 47.067,7 |
| Декември 2020година | 48.883.3 |
| Јануари 2021година | 48.235.8 |
| Февруари 2021година | 40.343.5 |
| Март 2021година | 40.379.0 |
| Април 2021година | 44.491.3 |
| Мај 2021година | 41.920.0 |
| Јуни 2021година | 24.359.3 |
| Јули 2021година | 30.861.4 |
| Август 2021година | 32.127.2 |
| Септември 2021година | 36.280.7 |
| Октомври 2021година | 47.233.1 |

За одржување на уличното осветлување по пат на јавна набавка е избран правниот субјект АЛ КИТО со кој се склучи договор за регулирање на меѓусебните обврски за 2021 година.

## J4 – ЈАВНА ЧИСТОТА

Со оваа пот програма се регулира редовно чистење (метење и миење) на јавните површини и отворени простори на јавните објекти, како и одржување и расчистување на јавните површини од снег и мраз во зимски услови од страна на ЈП Комуналец за што се склучи мегусебен договор за 2021година за регулирање на меѓусбните обврски со општина Неготино согласно со Годишната Програма за комунални дејности и уредување на градежното земјиште на просторот на општина Неготино.

Одржувањето на јавната чистота ги опфати:

-Јавните површни (улици, тротоари, пристапни патишта, плоштад и уредени отворени простори, парковски површни и градско зеленило, мостови, паркинг простори, скали кои ги поврзуваат површините за јавен сообраќај, стојалишта и такси станици.)

Во спроведување на оваа потпрограма се изведуваа следните активности:

- рачно метење на јавните површни,
- рачно чистење на улиците од наноси на земја после врнежи од дожд,
- миење на јавните површни со цистерни( Од страна на ЈП Комуналец оваа активност не беше спроведена, беше извршено на перење на градскиот плоштад во неколку наврати),
- собирање и транспортирање на уличен отпад од одржување на јавната чистота и негово транспортирање на општинската комунална депонија и се состои од:

а) комунален отпад

-уличен отпад(најчесто фрлени кутии на цигри, опушоци, искористени карти и влезници за јавни приредби, уплатници од спортски обложувалници, разни списанија и дневни весници, паковна амбалажа од хартија и пластика и други фрлани предмети,

-отпад од возила кои превезуваат отпад од правни и физички лица, градежен отпад, храна од органско потекло и сл.,

б) сезонски отпад

- лисја

-песок и ситен камен(поради посипување на јавни површини во зимски услови)

- рачно чистење на снегот и мразот во зимски услови.

Во чистењето на јавните површини опфатени беа и поставување и чистење на корпи за отпадоци, урбана опрема, пешачки патеки и скали, собирање на отпадот околу поставените контејнери и др.

-Динамиката на извршување и спроведување на оваа потпрограма се изврши согласно донесената програма од страна на Советот на општина Неготино и за поедни локации кое не беа навреме одржување не им беше потпишуван работниот налог од страна на стручните служби на општина Неготино.

Јануари 2021 Ј4 – 90.400,00 денари

Февруари 2021 Ј4 - 86.500,00 денари

Март 2021 Ј4 – 92.225,00 денари

Април 2021 Ј4 - 90.028,00 денари

Мај 2021 Ј4 - 89.655,00; денари

Јуни 2021 Ј4 - 84.163,00 денари

Јули 2021 Ј4 - 88.676,00 денари

Август 2021 Ј4 - 91.304,00 денари

Септември 2021 Ј4-93.203,00 денари

Октомври 2021 Ј4-89.420,00 денари

Ноември 2021 Ј4-87.776,00 денари

Декември 2021 Ј4-87.776,00 денари

Вкупно фактурирано за одржување на јавната чистота изнесува 1.071.126,00денари

## Ј5- ЈАВЕН ЛОКАЛЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ

Јавниот локален превоз на патници како комунална дејност , подразбира превоз на патници во патниот сообраќај на подрачјето на општината.

Општинскиот линиски превоз на патници во општина Неготино се регулира согласно член 19 и 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај(Сл.весник на РМ бр.68/04,127/06,114/09.......140/18,163/18 и Сл.гласник на Република Северна Македонија бр.276/19, како и Одлуката за општински линиски превоз на патници во општина Неготино (Сл. Гласникбр.7/06), во која се регулира и утврдува единствената мрежа на линии, локација за автобуски стојалишта, свртувалишта и нивна изградба и одржување.Исто така од страна на Советот на општина Неготино е донесен Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање на лиценци за вршење на авто такси превоз на патници во општина Неготино(Сл. Гласникбр.7/06).

Според Регистерот на издадени лиценци за општински линиски превоз во 2021 година се издадени 2 лицени за правни субјекти и изводи на лиценци за 8 возила.

Исто така, според Регистерот на издадени лиценци за автотакси превоз во 2021 година се издадени 7 лицени за правни субјекти и изводи на лиценци за 26 возила.

Според измените и дополнувањата за истиот закон во 2021 година општина Неготино на барање на таксисти за полагање за добивање на сертификат издаде 14 Уверенија за положен испит за автотакси возач како и 14 Сертификати за за автотакси возач..

## Ј6 – ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈОТ

Под одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќајот во општина Неготино се подразбираат повеќе мерки и работи кои се обавуваат во текот на целата година, вклучувајќи ги и сите објекти и инсталации се со цел да се одржи нивната проодност и техничка исправност на патиштата како редовно одржување, како и местимично подобрување на елементите од патот, да се осигура сигурноста и трајноста на патиштата и да се

зголеми сигурноста на сообраќајот како вонредно одржување.Во текот на 2021 година од оваа потпрограма се изведоа следните активности:

- Крпење на ударни дупки и вградување на асфалт на улици од страна на ОСД ДООЕЛ од Скопје и Градба Промет со кој е склучен годишен договор.;
- Зимско одржување на локални патишта за с.Вешје и улици(набавка на сол,ризла,рачно и машинско расчистување на снег со посипување со сол и ризла и крпње на ударни дупки со ладна маса), склучен договор со МИНТ - Инженеринг за 2020/2021година
- Обележување на хоризонталан сигнализација на сообраќајници и други јавни површини склучен договор со ВИА СИГНАЛ и БОЈТА ИНГкако правни субјекти.
- Обележување со монтажа на знаци за вертикална сигнализација на сообраќајници на кружен тек во Неготино склучен договор со ВИА СИГНАЛ како правен субјект

Сите овие активности беа изведени со правни субјекти по пат на извршена јавна набавка и со кои се склучи договор за меѓусебно регулирање на обврските.

## Ј7 – ОДРЖУВАЊЕ НА ПАРКОВИ ЗЕЛЕНИЛО

Согласно склучениот Договор за 2021година со ЈП Комуналец како давател на услуга и општина Неготино како корисник на услуга, одржувањето на паркови и зеленило се одржуваше според Годишната Програма за комунални дејности за 2021 година.Врз основа на извршените работни активности од страна на ЈП Комуналец, овластени лица од општината кои беа задолжени за реализацијата на програмата ги потпишуваат работните налози, а со тоа и фактурирање од страна на ЈП Комуналец на сметка на општина Неготино.

-Динамиката на извршување и спроведување на оваа потпрограма се изврши согласно донесената програма од страна на Советот на општина Неготино и за поедни локации кое не беа навреме одржување не им беше потпишуван работниот налог од страна на стручните служби на општина Неготино.

Јануари 2021 Ј7-115.000,00 денари

Февруари 2921 Ј7-123.400,00 денари

Март 2021 Ј7 – 122.906,00 денари

Април 2021 Ј7-158.334,00 денари

Мај 2021 Ј7-310.918,00 денари

Јуни 2021 Ј7-150.045,00 денари

Јули 2021 Ј7-504.538,00 денари

Август 2021 Ј7- 364.627,00 денари

Септември 2021 Ј7-256.428,00 денари

Октомври 2021 Ј7-199.538,00 денари

Ноември 2021 Ј7-77.076,00 денари

Декември 2021 Ј7-170.735,00 денари

Вкупно фактурирано за за одржување на јавното зеленило за 2021година изнесува 2.553.545,00денари

Вотекот на годината се извршени набавка на посадочен матерјал од садници и сезонско цвеќе.

## Ј8 – ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

За извршување на предвидените активности општина Неготино склучи Договор со соодветни правни лица кои имаат дозвола од надлежно министерство за изведување на овие активности по пат на јавна набавка, и притоа се реализираа следните активности:

- За решавање на проблемот со прекубројноста на бездомни кучиња и неодговорното сопствеништво на поединци кои чуваат домашни миленици за нивното заловување на , стерализација , вакцинација и повторно враќање на животните на територијата од каде што биле заловени беше склучен договор со ДПТУ Ветеринарна Станица за 2021 година во висина од 500.000,00денари.Врз основа на барање на граѓани, прставник од општина Неготино и овластени лица од Ветеринарна станица излегуваа на терен за уловување на кучиња скитници и истите беа времено чувани и водење нивна грижа од страна на Ветеринарната станица се до нивно домување.

Во 2021 год. во општина Неготино заловени се вкупно 94 (42 машки и 52 се женски) кучиња од кои 91 кучиња скитници и три кучиња со сопственик и истите се вратени на сопственикот. На сите заловени кучиња им е земена крв и се тестирани за Лајшманија.

Од вкупниот број заловени кучиња еутанизирани се 22 кучиња (11 машки и 11 женски), останатите 72 кучиња (31 машко и 41 женско) се подложени на хирушка интервенција, кастрација и овариохистеректомија.

Вакцинирани против беснило и извршена дехелментизација е направена на 72 кучиња од кои 60 се вратени на местото на заловување 9 се вдомени и 3 се вратени на сопственикот.

- за реализирање на дезинфекција,дезинсекција и дератизација согласно Годишната програма за комунални дејности за 2021 година , општина Неготино распиша јавен тендер за избор најповолен понудувач, но поради судски спор не се извршија планиранитеДДД услуги

Извршено е санација и поправка на поставената урбана опрема на Спомен Костурницата од правниот субјект АС-ИНГ ДООЕЛ од Неготино.

Извршена е реконструкција на дел од градскиот плоштад кај сите 7 стебла од јавор каде се извши нивелирање и обжилување на овие стебла со поставување на бехатон коцки.

## ЈД – ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА

Од оваа пот програма се реализираа следните активности:

- Отпочнати и завршени се градежни активности за санација на зид од градски стадион;

- Отпочнати и завршени се градежни активности за реконструкција на улица во с.Долни Дисан;

- Отпочнати и завршени градежни активности за изградба на потпорен зид на ул Ило Виларов;

-Отпочнати и завршени градежни активности со асфалтирање н на две улици во с.Тимјаник и едн крак од улица со бехатон плочки;

- Извршено е асфалтирање на улица Манчо Малиминов со крак од истата улица со ОСД ДПООЕЛ;

- Отпочнати и завршени се градежни активности заасфалтирање на улица Гоце Делчев од правниот субјект ОСД ДООЕЛ;

-Отпочнати и завршени се градежни активности заасфалтирање на улица Станко Франц Пипан и улиците 4 ти Јули Партизанска и л.Маршал Тито од правниот субјект ОСД КИРИЛ ДООЕЛ;

- Отпочнати и завршени се градежни активности за поставување на бехатон плочки во с.Тимјаник на улица во должина од околу 300м како јавна површина ;

- Отпочнати и завршени се градежни активности за санација на коловозот со гребење на постоечка асфалтна површина со поставување на нов асфалт како јавна површина на улица 11 Октомври;

-Отпочнати и завршени се градежни активности за изградба на локален пат во должина од 900метри на патниот правец Г:Дисан –с.Вешје со нивно асфалтирање од Градба Промет;

- Изградба со асфалтрање на улица во с.Криволак изведувач Градба Промет;

- Реконструкција со гребење на асфалт и замена на ивичњаци на улиците Антигона и Едвард Кардељ;

- Отпочнати се градежни активност за реконструкција на ул,ЈНА од ОСД КИРИЛ ДООЕЛ ос Скопје, Реконструкција со грбење на асфалт и поставување на ивичњаци на девет улиции тоа: Пиринсака,Првомајска,Вељко Влаховиќ,Тиквешка,Вано Ташев,,Ѓоко Мишев,Вардарска и улицата Енгелсова од изведувачот ЛЕНДИ ГРУП со надор од Павер Трејд.

- Реконструкција на тротоари од улица Пекарев од изведувачот Павер Трејд под надзор од МГ Проект;

Реконструкција на патеки од паркот спроти музејот од изведувачот Павер Трејд со постаување на беахтон плочки под надзор МГ Проект;

## ЈГ – ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ

За изминатат 2021 година од оваа пот програма се реализираа следните активности:

- Следење на изведени градежни активности за санација на водоводна линија, линија за технолошка вода на дел од крак 1,2,3 од улица Антигона изведувач Градба Промед под надзор Павер Трејд;

Изведување на градежни активности за санација и дислокација на водоводна линија од улица Маршал Тито изведувач Градба Промет под надзор на МГ Проект;

Реконструкција на водоводна линија на улица Манчо Малиминов изведувачот Градба Промет под надзор на Павер Трејд

- Набавка и монтажа на нова пумпа за вода за водоснабдителниот систем во с.Тремник.

## ЈИ – ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

- Изградба за колектор на отпадни води за приклучување на с.Тимјаник во колекторскиот систем за отпадни водиво Неготино прекупроект WA-MBRELA од изведувачот АСФАЛТ ДООЕЛ која е во стечај и се запрени сите грдежни активности, а досега се изведено оклу 60% од предвидените работи.Надзор над овој објект е МГ Проект ;

-Реконструкција на атмосферска и фекална канализациона мрежа на ул Манчо Малиминов со изработка на ревизиони шахти изведено од Градба Промет под надзор Павер Трејд;

- Изградба на атмосфеска и фекална канализациона линија кај новата социјална зграда изведена од Градба Промет под надзор на Павер Трејд;

- Отпочнати се градежни активности за прифаќање на урбани отпадни води од новата детска градинка во уличната атмосферска канализација на крак од улицата Станко Франц Пипан ;

- Извршена е дислокација на постоечка линија на каналска вода со сите потребни фазонски споени елементи и поврзување на постоечките линии на улица Едвард Кардељ;

- Изрботка на улични решетки за прифаќање на урбаните атмосферски отпадни води;Изработка на ревизиони шахти за атмосферки отпадни води на улица Едвард Кардељ

- Реконструкција на кровната конструкција од СРЦ Младост -прокисновање на кровот при врнежи изведувач

**ЈН - УРБАНА ОПРЕМА(КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)**

- Набавка на декоративни елементи за украсување согласно со Годишната програма;

- Направени се активности за продолжување на градежни активности за Уредување на јавна површина на споменкостурницата во Неготино преку Вардарски плански регион.

- Реконструкција на соблекувални и тоалети во СРЦ Младост со замена на керамички плочки, замена на врати со ПВЦ врати, замена на влезните врати во салата, поставување на нова подлога на ракометното игралиште во салата и обелување на надвоешните сидови од СРЦ Младост во Неготино.

**УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО**

Во делот на направени пресметки за надоместок за уредување на градежното земјиште за 2021 година се изработени и прикачени на сајтот за издавање на електронски дозволи се аплицирани 47 барање и за кои се направени пресметки за надоместок за уредување на градежното земјиште.

Во текот на 2021 година од страна на правни и физички лица се поднесени Барања за прекоп на јавни површини вкупно 35 барања и за истите се направени пресметки за надоместок за уреување на градежното земјиште.

Согласно со Законот за определувања на имиња на улици,плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти , до Одделението за комунални дејности

се доставени 48 барања од правни и физички лица за утврдување на име на улица и број на инфраструктурни објекти и по сите соодветно е постапено

## ОСТАНАТИ РАБОТНИ ЗАДАЧИ ЗАВРШЕНИ ВО ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И СООБРАЌАЈ

По барања на физички лица и група граѓани за 2021 година пристигнати се 18 барања и е содветно постапено по нив со нивно писмено известување.

За потребите на Одделението за комунални дејности се поднесени 10 барања до правниот субјект Гео Топо Кат кој има склучено Договор за јавна набавка за давље на услуги за потребите на општина Неготино за идентификација на катастарски парцели,за утврдување на фактичката состојба, за изработка на нумеричките податоци за градежни парцели и друго.

По барање на градоначалникот се направени Предмер Пресметки за реконструкција на улици по приградските населби,за реконструкција на улици, предмер пресметка за изградба на фекална и атмосферска линија, предмер пресметка за изградба на зид до кружнот тек, предмер пресметка за санација на неколку улици во градот, за санација на водоводна линија на улици Маршал Тито и Антигона и тоа вкупно на 18 предмети.

До ЈП Комуналец се испратени 5 известувања во делот на нивната надлежност за тековно извршување на рааботни задачи кои произлегуваат од Законот за комунални дејност и Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води.

Извршен е надзор на прием на опрема за опремување на новата детска градина Темјанушка со опрема и ентериер , книги и учебници и соодветен дидактички матерјал во Неготино,

Извршен е надзор на активност на Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието, како и активност кои се однесуваат на заамена на столарија во објекти на ЈП Комуналец и ООУ ГОце Делчев.

По основ за решавања на пристигнати предмети за Барања за легализација од страна на оддлението се решени 40 предмети на физички лица.

Вработените лица учествуваа во повеќе комиси и координативни тела за измени на планови во градот, учество во проектни тимови за следење на проекти преку одделението ЛЕР со министерството за транспорт и врски, министерство за финасии и министерство за земјоделие.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА**

**ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2021 ГОДИНА**

Програмата за Локален економски развој претставува дефиниран збир на проекти кои планираат да се реализираат во текот на 2021 год. и кон кои воглавно ќе бидат насочени активностите на Одделението за Локален економски развој. Реализацијата на оваа Програма ќе обезбеди континуиран одржлив развој на општината кој треба да го подобри нивото на животниот стандард на жителите на општина Неготино.

Програмата содржи и проекти кои отпочнаа со реализација во 2019 година ,се реализираа во 2020 година, а дел од нив продолжија да се реализираат и во 2021 година. Програмата за локален економски развој за 2021 година воглавно е ориентирана кон зголемување на буџетските приходи од донации од меѓународни агенции и фондации, како и кон ефикасно искористување на претпристапните фондови од ИПА Програмата за прекугранична соработка за кои проекти се потпишани договори во 2018, истите се реализираа во 2019 и 2020 година,а дел од проектите продолжија во завршните фази и во 2021 година.Со оглед на тоа што досегашните Програми за локален економски развој беа во корелација со постојната Стратегијата за локален економски развој за периодот 2015-2020, а бидејќи во моментот нема друг стратешки документ за следниот петогодишен период, до моментот на изготвување на новиот стратешки документ Програмата за локален еконимски развој за 2021 година ќе се базира на целите и приоритетите од постојната стратегија во која се поставени следниве стратешки цели:

1. Поттикнување на вработливоста преку развој на вештини на човечкиот капитал за потребите на постоечкиот пазар на трудот како и можностите за претприемништво и самовработување;
2. Подобрување на постојната и изградба на нова комунална инфраструктура
3. Поттикнување и привлекување на странски директни и домашни инвестиции
4. Понатамошен развој и унапредување на земјоделското производство и поттикнување на пчелното производство;

5. Подобрување на енергетската ефикасност во јавните установи на Општината.

6. Развој на транзитен туризам преку различни алтернативни форми кои ќе се базираат на природните, културните и реципитивните капацитети на Општината.

Дел од планираните активности во оваа програма се во согласност со ЛЕАП на општина Неготино .

Одделението за локален економски развој работи и на регионален развој преку Центарот за развој на Вардарскиот плански регион, па оттука и спроведува дел од приоритетите на актуелната Програма за развој на Вардарски Плански Регион и учествуваше во подготовка на новата Програма за следниот период.

Одделението за локален економски развој работи и на регионален развој преку Центарот за развој на Вардарскиот плански регион па оттука во наредниот петгодишен период ќе учествува и во спроведување на Програмата за развој на Вардарски Плански Регион и тоа во согласност со следниве приоритети и цели:

Среднорочна цел 1:Подобрување на условите за живот преку унапредување на заштитата на животна средина

Среднорочна цел 2 :Развој на современ транспорт и инфраструктура

**Среднорочна цел 3:Одржлив развој на винскиот и културниот туризам со користење на предностите на сите останати видови туризам преку ревитализација на руралните средини.**

Среднорочна цел 4:Конкурентен регион со оптимално искористени потенцијали

Среднорочна цел 5:Развој на компетентни човечки ресурси и подобрување на социјалната заштита

Среднорочна цел 6:Искористување на регионалниот потенцијал за современо земјоделство и диверзифициран рурален развој.

Среднорочна цел 5:Развој на компетентни човечки ресурси и подобрување на социјалната заштита

Среднорочна цел 6:Искористување на регионалниот потенцијал за современо земјоделство и диверзифициран рурален развој.

**Реализација на програмските активности во 2021 година:**

Согласно Програмата за локален економски развој за 2021 година преку Одделението за ЛЕР во координација со останатите Одделенија и програми реализирано е следново:

**Под-програма Г10-Поддршка на локалниот економски развој**

**1**.**Проект**,,*Енергетска ефикасност во прекуграничната област како индикативен фактор на политиката за животната средина ,, со Акроним,, ЕНПОЛ-ЕЕ****”.***

За партнер 2 –општина Неготино од вкупно 315.979 евра или 19.432.708.50мкд од кои 85% ЕУ и 15% национално кофинансирање кое се обезбедува од општина Неготино и се враќа од Министерство за локална самоуправа и Управувачкиот Орган (ЈС од Грција) тековно за 2019,2020 по одобрување на финалниот извештај во 2019 пристигнати се 60.283,09 евра .Во 2020 пристигнати се 94.103,38 евра .

Во 2021г. Од предвидените активности реализирана е последната активност финален настан по одобрена модификација на финален настан во вредност од 2140 €.Исто така побарана е 4 и 5 верификација за трошоци на проектот по што во 2021 пристигнати се 110.999,76 евра или 6.836475,21мкд по целосна реализација и верификација на средства.

***Проектот е целосно реализиран***

2. Проектот,,*Заштита на водните ресурси со намалување на човековото влијание врз животната средина”со Акроним ,,wa-mbrella”.*(тековен проект за Корисник 2-општина Неготино) од вкупно 286.140,50евра или 17.597.640,75мкд од кои 85% ЕУ и 15% национално кофинансирање кое се обезбедува од општина Неготино и се враќа од Министерство за локална самоуправа и Управувачкиот Орган (ЈС од Грција) тековно по одобрување на финалниот извештај.Од претфинансирање од(ЈС) преку Водечкиот партнер–општина Алмопиа во 2019 пристигнати се 20% од 85% т.е 48.573,89 € или 2.970.699,мкд.

Од претфинансирање од(ЈС) преку Водечкиот партнер–општина Алмопиа во 2019 пристигнати се 20% од 85% т.е 48.573,89 € или 2.970.699,мкд.

Од прва верификација ,верифицирани се 5. 459,87€ или 335.782,00 мкд.Вратени на проектна сметка на општина Неготино во 2019 преку МЛС 50.363мкд .Од ЈС преку Водечкиот партнер-општина Алмопиа 200.282,00мкд.

Со втора верификација верифицирани трошоци се 12.072,47 евра или 742.456,90-мкд**.** Вратени се на проектна сметка на општина Неготино во 2020 преку МЛС

1.810,87€ или 111 405,00 мкд.Од ЈС преку водечкиот партнер 7.329,72 € или 447 320,00 мкд од кој задршка за банкарска провизија се 33€ или 2023 мкд .

Со трета верификација верифицирани трошоци се 4.225,14€ или 260 699,00 мкд преку МЛС,а преку водечкиот партнер,односно ЈС 17.103,66€ или 1 049 934,00 мкд.

Со четврта верификација верифицирани трошоци се 104.460,26 € и Вратени на проектна сметка на општина Неготино во 2021 преку МЛС 15 669 евра или 966 697,00мкд .Од ЈС преку Водечкиот партнер-општина Алмопиа 63422,29 евра или 3 887 032,00мкд.

Со Петтата и последна верификација за 2022 год.ако се реализира проектот се очекуваат 112 695,46 евра или 6 987 119,00 мкд ,од кој 12 105,16 евра или 750 520,00 мкд ке ги задржи ЈС за претфинансирањето.

***По МИС методологија со секоја верификација се задржува процентуален износ за исплатеното претфинансирање од ЈС 28,57%*** )

На 28.01.2022 добиено е продолжување на проектот до 02.10.2022 година заради реализирање на сите планирани активности кај сите 4 партнери на проектот.

За општинаНеготино или Корисник 2- реализирани се следените активности во 2021 година :

-Исплата на преостанати средства според договор во висина од 60% од договорот кон „ГИМ" Македонија за изработка на пред-физибилити студија за прочистителна станица за град Неготино во висина од 8 700 евра или 536 746,00 мкд

-Раскинување на договор за изградба на колекторот во село Тимјаник со градежната фирма „Асфалт" Дооел Скопје поради заминување на фирмата во стечај

-Објавување на нов тендер за градежни работи за изградба на колекторот во село Тимјаник – поништен тендер поради преголема сума на понудата

-На 08.09.2021 година. Проектен тим во состав Дени Трајков,Лидија Нечева,Елена Атанасова,Ивица Златковиќ и Ристе Стојановски беа на службено парување до општина Алмопиа,Република Грција како дел од проектен партнер П2 на работилница за иригациони системи.На проектниот тим им се исплатени дневници за службено патување и гориво за транспорт.

***Проектот е во тек***

3.Одделението за ЛЕР во рамките на ЕУ фондови Програма 4 MSP ИПА 2 ЕУ за општините,Подобрување на локалните услуги преку иновативни концепти во 2020 беше подготвена апликација за проектот **,, Европски искуства за подобрување на локалниот систем за цивилна заштита и менаџирање на кризи за сите видови на природни катастрофи, пандемии и друг вид на кризи ,,Лунар,,**.Проектот опфаќа подигинување на капацитетите на единицата за противпожарна заштита со 1 возило, целосна опема за 14 пожарникари за општина Неготино , обука за 14 пожарникари, Комплет опрема за интервенции и обука за 20 волонтери за општина Неготино и партнерот од Грција ДИКЕПАП од општина Пела, Воспоставување на нова единица за менаџирање со кризи и обезбедување на 2 лица за менаџирање на кризи и цивилна заштита, обезбедување на простор(реконструкција ,адаптација за канцелариски простор со опремување) и обезбедување на базична опрема за справување со кризи и цивилна заштита дезинфекциони средства маски и сл.).

***Проектот не е одобрен***

4.Проектот „*Техничка документација за изградба на секундарна дистрибутивна гасоводна мрежа во општина Неготино*“ за изработка на 6500 м гасоводна мрежа ( од вкупно 51 км) одобрен согласно повикот на УНДП и Шведската агенција за меѓународен развој,а во рамките на ,,Фондот за техничка документација,,.Од страна на „Геинг“ Скопје беше изработен следнава документација:

1.Идеен проект

2.Проект за инфраструктура

3.Стручна ревизија на проект за инфраструктура

4.Основен проект

5.Ревизија на основен проект

6.Оцена на влијание на животна средина/Елаборат за животна средина

7.Геодетски елаборат за ажурирана подлога

8.Геодетски елаборат за нумерички податоци

9.Геодетски елаборат за експропријација

10. Елаборат за геомеханички испитувања

***Проектот е реализиран, доставена е техничката документација***

5. Согласно повикот на УНДП и Шведската агенција за меѓународен развој,а во рамките на ,,Фондот за техничка документација,,во месец јули 2020 година аплициран е проект од одделението за Локален економски развој за „**Изработка на техничка документација за сообраќајници за град Неготино“**.Вредноста на потребната документација е 30.320 долари (1.561.500,00) .

***Проектот не е одобрен***

**6.** Со Програмата за намалување на аерозагадувањето во 2021 год. преку одделението за Локален економски развој и во соработка со институциите на општината се аплицираше за следните проекти

- **ЈУОДГ ,,Фемо Кулаков" објект Мајски Цвет и објект „Пролет -** поставување на нови котли на нафта и **ООУ,, Гоце Делчев" ПУ Курија** замена на постоечка печка на струја и печка на дрва со печка на пелети во износ од **2.230.716,00 со ДДВ**

**- ЈКП ,,Комуналец"Неготино –з**амена на постоечка дрвена столарија со Набавка на ПВЦ прозори и **ООУ,, Гоце Делчев** –поставување на ПВЦ прозори во висина од 2.420.00,00

***Проектите се во тек***

**Под-програма Г20-Поттикнување и развој на туризмот**

1.Проект **,,Wine up,,,,Јакнење на прекуграничните вински искуства за локален економски развој,,**Одобрен проект со вредност:

**189.802** евра или 161.331,70ЕУ Контрибуција и 15% 28.470,30 Национално кофинансирање МЛС/општина Неготино

На 08.10.2021 год.е потпишан Договор за финансирање на проектот. На 12.10.2021 е формиран тим за реализација на проектот.

***Проектот е во тек и отпочнати се тендерски постапки за реализација на истиот.***

**2.**Во текот на 2021 година поради Ковид пандемијата реализирано е дел од стопанско туристичка манифестација- Недела на виното,,Свети Трифун 2021,,. Активностите кои се реализирани за време на оваа манифестација, во периодот од 12-14 Февруари се следниве:

● Организирани дегустации со натпреварувачки карактер за индивидуални производители на вина и ракии и дегустации на винарии

●Доделување на награди за најчитатели во локалната библиотека „Страшо Пинџур“Неготино

●Е предавање за производство на вино во домашни услови

●Он лајн натпревари по креативни пишувања -локалната библиотека „Страшо Пинџур“Неготино

●Виртуелна изложба на книги за винарство и лозарство -локалната библиотека „Страшо Пинџур“Неготино

●Виртуелно одбележување на традиционалната манифестација „Раванијада“

● Одржано традиционално закројување на винова лоза

3.Во рамки на Проектот за развој на локална и регионална конкурентност во туризмот(ПЛРК)–,,*Вински ,апи и еко туризам во Неготино и околината*,,.Потпишан Договор за истиот е на 22.02.2019 година . Проектот се имплементира со повеќе активности во 2019 и 2020г и 2021г , иако проектот требаше да заврши на крај од 2020 година проектот е продолжен до 30.06.2021. Од општина Неготино извршена е потребната набавка на урбаната опрема,дел од саемска опрема ,патокази, табли и други уреди и тоа:

- извршена е набавка на 30 клупи, 30 канти за отпадоци, 40 контејнери во износ од 757.000,00мкд,
- изработени се 20 патокази, 2 информативни светлечки табли - 122.300,00мкд,
- изработена е 1 инфо тач постојка во износ од 389.000,00 мкд,
- за набавка на саемска и манифестациска опрема која вклучува:набавка на 100 монтажни столици вредност 79.900,00 мкд
- набавени се 2 тенди за организирање на настани на отворено.Вредност 309.000,00мкд.
- За подготовка и принтање на печатени материјали за проектот (флаери 2 изданија )износот е 42.000,00 мкд
- Извршена е реконструкција и адаптација на старо школо во с.Вешје, поставување на урбана опрема на плоштадот во градот и адаптација на винска архива-,,Желкова куќа,, во општина Неготино со вкупна вредност од **6.050.082.10мкд** останато за реализација е опремување на објектите на Маодерен Апи центар во с. Вешје и Винска Архива во Желкова куќа.

- Реализирана е изградба на жардинерии и партерно уредување на булевар Маршал Тито, територија на општина Неготино и пристапни патеки до поставената урбана опрема во пчелен парк с.Вешје со вкупна вредност **од 9.155.037,10 МКД**.
- **Во 2021 година релизирани се средства во висина од *1.165.846,33* мкд од кои од буџет на општина Неготино се реализирани *225.017* мкд:**
- Набавка на бела техника и ИТ опрема 9набавка на фрижидер,шпорет,панелни греалки 9, лаптоп 2 со 2 софтвер )во вкупен износ од 138.241,15 мкд од кои 124.872,00 мкд од Општина Неготино .
- Набавка на проектор 1 во вкупен износ од 34.425,18 мкд од Општина Неготино реализирани 29.174,00мкд
- Набавка на разна кујнска опрема во вкупен износ од 15.180 мкд. од Општина Неготино
- Набавка транспорт и монтажа на електричен камин 123.000,00мкд од кои 34.791 од Општина Неготино
- Набавка на мебел за Винска архива и желкова куќа во износ од 834.000 мкд
- Набавка на промотивен материјал Графо штраф 21000 од Општина Неготино

**Под-програма ГА0-Изградба на комерцијални и друг вид на објекти**

**1.** Проект ,,Изградба на комунална инфраструктура-АБ канал, водовод, атмосферска и фекална канализација на краци на улица 3 и 4 во Урбана Заедница 8 блок 1, општина Неготино.

***Проектот е во мирување*.**

2.Проект **Реконструкција на улици „Вељко Влаховиќ“, ул. „Енгелсова“ ул. „Пиринска“ ул. „Првомајска“ ул. „Тиквешка“ ул. „Вардарска“ ул. „Ѓоко Мишев“ ул. „Вано Ташев“ и дел од ул. „Марксова“**е аплициран согласно ЈАВЕН ПОВИК ВТОР МСИП 03/2020 за доставување на барања за користење на средства од Вториот проект за подобрување на општинските услуги (Втор МСИП) предвидени во компонентата А - Општински инвестиции .Вредноста на овој проект е 18.922.000,00 под заем од Светска Банка Министерство за финансии.

***Проектот е целосно реализиран***

3.Проект преку АФПЗРР по мерка 321-Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини.Патен правец,,Г.Дисан –Вешје,,во должина од 787 м..Вредност на проектот изнесува **22.421.888,00** со ДДВ.

***Проектот е целосно реализиран.***

4.Проект преку АФПЗРР по мерка 322-Обнова и развој на селата**„Реконструкција на дел од улицата од влезот на с.Тремник во должина од 1000м“**.Вредност на проектот изнесува **9.140.856,40** со вклучен ДДВ

***Проектот е целосно реализиран.***

5.Проект преку АФПЗРР по мерка 321-Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини. Преку Центарот за развој на Вардарски плански регион реализиран е проектот:Патен правец**,,Г.Дисан –Вешје,,во должина од 460 м**. Вредност на проектот изнесува **7.580.921,02** со вклучен ДДВ

***Проектот е целосно реализиран.***

6.Проект преку АФПЗРР по Мерка 124,Пристапност до земјоделско земјиште**,,Калдрма-580м,,** Вредноста на проектот изнесува **1.005.171,00мкд** со вклучен ДДВ .

***Проектот е целосно реализиран.***

7.**Мерни станици за смарт земјоделие – Кавадарци, Неготино, Демир Капија и Росоман**. Проектот е аплицирање Преку ВПР во соработка со одделение за Локален економски развој и одобрен од МЛС и Биро за регионален развој. 1 мерна станица опфаќа сензори за температура на воздух, релативна влажност на воздух,сончева радијација, врнежи, брзина на ветер, должина на влажнење на лист, напојувањето на мерните станици се врши со соларни панели.Софтверот содржи прогноза на 82 болести за 38 култури и предупредување за мраз 1 мерна станица чини 2640 евра плус ддв и со дополнителни давачки транспорт монтажа и софтвер вкупно 3.226 евра или 198.399 мкд.Кофинансирање е планирано во буџетот на општина Неготино во износ од 250.000 мкд.

***Проектот е во тек***

8.**Набавка на противпожарно возило за ТППЕ** во рамки на проектот „Зајакнување на капацитетите на ТППЕ за општините Неготино,Кавадарци ,Свети Николе и Велес“. Аплицирано преку ВПР во соработка со одделение за Локален економски развој и одобрен од МЛС и Биро за регионален развој.

***Проектот е во тек***

**Реализација и учество во други активности на вработените во Одделението за ЛЕР**

**1.** Одделението за ЛЕР подготви и спроведе проект за јавни работи за ангажирање на 21 лице во соработка со ЈП,,Комуналец,, Одделението за Комунални работи и со АВРМ во месец јуни 2021,за времетраење од 22 работни денови.

***Проектот е целосно реализиран***

**2.** Одделението за ЛЕР подготви и спроведе проект за јавни работи за ангажирање на 23 лица во соработка со ЈП,,Комуналец,, Одделението за Комунални работи и со АВРМ во месец септември 2021, за времетраење од 22 работни денови.

***Проектот е целосно реализиран***

**3.**Одделението за ЛЕР во координација со Одделението за Јавни дејности учествуваше во поголем дел од организационите активности за одбележување на 8ми ноември-Денот на ослободувањето( програмски, меѓународни, протоколарни и други активности)

4.Одделението за ЛЕР во рамките на својата програма и дополнително врз база на отворени повици во текот на 2021 година,аплицираше за „ **Изградба на атмосферска и фекална канализација на Тимјанички пат кон ул„Марксова“** на Конкурсот за распределување на средства за финасирање и реализирање на програми,проекти и други активности од областа на животна средина за 2021 од Програмата за инвестирање во животна средина за 2021год. Одобрени се средства од страна на МЖСПП во висина од 2.500.000,00,а останатиот дел е кофинасирање на општина Неготино планирани во програмата за комунални дејности.

***Проектот е во тек***

5. Одделението за ЛЕР во рамките на својата програма и дополнително врз база на отворени повици во текот на 2021 година, аплицираше за **„Изградба/реконструкција на водоводна линија на 2 улици,,„Димче Мирчев“ и ул „Душан Пррегрaц“-крак 2 Неготино“ с**огласно Програмата за управување со водите за 2021 година на Министерство за животна средина и просторно планирање објавена во службен весник бр.12 2021 год. и согласно средствата од дел III точка 1 од оваа програма . Одобрени се средства од страна на МЖСПП во висина од 2.030.000,00,а останатиот дел е кофинасирање на општина Неготино планирани во програмата за комунални дејности.

***Проектот е во тек***

6. Одделението за ЛЕР во рамките на својата програма и дополнително врз база на отворени повици во текот на 2021 година, аплицираше за**,, Набавка и поставување на нова урбана опрема,детски реквизити , и изведба на патеки во паркова површина во с.Тремник“,**на Јавниот повик на Министерството за локална самоуправа,Биро за регионален развој .Одобрени се средства од страна на МЛС-БРР во висина од 392.216,00,а останатиот дел е кофинасирање на општина Неготино планирани во програмата за комунални дејности.

***Проектот е во тек***

7.Проект за Оградување на училишен двор на СОУ Кирил и Методиј Неготино во висина од 24.000 долари преку Американска амбасада.

***Проектот е целосно реализиран***

8. Подготвена е апликација за Реконструкција на училишна зграда СОУ Св. Кирил и Методиј-Санација на кров .Проектот е аплициран во Министерство за образование наука.

***Се чека одобрување.***

9.Одделението за ЛЕР во рамките на својата програма и дополнително врз база на отворени повици и покани во текот на 2021 година, спроведуваше континуирани активности и учествуваше во проектни активности со Центарот за Развој на ВПР и изработка на Програмата на ВПР

10.Преку ВПР согласно повикот на АФПЗРР е аплицирано на мерката 124 - Пристап до земјоделско обработливо земјиште за санација на пристапен пат ,,Солена вода,, во должина од 700м.

***Проектот е во тек***

**11.** Одделението за ЛЕР во текот на 2021 година, континуирани издаваше потврди на земјоделците и на правни субјекти кои поднесуваа барања за финансиска поддршка на инвеститиции и набавка на земјоделска механизација од Програмата за Рурален Развој на Република Северна Македонија кои што барања е потребно да бидат поткрепени со потврда дека инвестицијата или бараната механизација е во согласност со Стратегијата за локален економски развој на Општина Неготино за периодот 2015-2020 година.

**12.**Вработените во одделението за ЛЕР во текот на 2021 година учествуваа во разни on-line обуки за професионален развој и усовршување и за јакнење на административните капацитети со цел поуспешно справување со работните задачи .Исто така учествуваа на разни работилници ,инфо денови, промотивни ,завршни настани и сл. каде што беа презентирани разни можности, повици и беа споделувани важни информации. Обуките беа организирани во соработка со Делегацијата на ЕУ, ЗЕЛС , МЗШВ,МЛС и други владини и невладини институции и организации.

13.Проект „Изградба на улица во с.Курија“ Проектот ќе се реализира со грант средства согласно Договор за под – заем во рамки Вториот проект за подобрување на општинските услуги МСИП 2 потпишан помеѓу општина Неготино и Министерство за финансии .

## ИЗВЕШТАЈ

### за реализирани активности од програмата во областа на образованието за 2021 година

**Целите на Програмата** во областа на образованието се:

-Обезбедување активен однос на Советот на Општина Неготино кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието;

-Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес;

-Планирање на развојот на образованието;

-Подобрување на условите за изведување на образовниот процес;

Општина Неготино го потикнува, поддржува и помага остварувањето на целите на оваа Програма во текот на учебната година. Во 2021 год се реализираа следните активности:

-Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес со реализирање на втората фаза од Новиот концепт за развој на образованието;

-Поддршка на талентирани ученици за настапи на наградни конкурси за основно и средно образование и поддршка на наставници (ментори) чии ученици освоиле награди на државни или меѓународни натпревари;

-Награди за наставници и талентирани ученици во основно и средно и за најдобар ученик;

-Купување на нови нагледни средства- средно образование;

-Реконструкција на училишен простор во ПУ с.Тремник;

-Мултифункционално игралиште во ООУ „Гоце Делчев;

-ООУ„Страшо Пинџур“ ПУ с.Пепелиште промена на парно од дрва на нафта;

-ООУ„Страшо Пинџур“ ПУ с.Војшанци промена на парно од дрва на пелети;

-LED осветлување во с.Пепелиште;

-реновирање на санитарен чвор во с.Пепелиште;

-оградување на двор во СОУ „Св.Кирил и Методиј“- Неготино;

-промена на врати на училници СОУ „Св.Кирил и Методиј“- Неготино;

Оваа програма претставува континуитет на Програмата за активностите на Општина Неготино во областа на образованието од претходните години.

## Извештај за реализирани активности од Програмата за социјална заштита за 2021 год.

Целите на Програмата за социјална заштита се : Изнаоѓање на форми за помош на социјално ранливи групи, подобрување на стандардот на граѓаните,помош на децата со посебни потреби вклучени во редовниот образовен процес и други активности за задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на социјалната заштита.

Во 2021 година Општина Неготино им излезе во пресрет на граѓаните од социјално загрозените семејства со еднократна парична помош која ја одобрува Советот на општина Неготино по претходно утврдени критериуми.

Во 2021 год. општина Неготино отпочна со реализација на Проектот – Општинско- корисна работа со кој беа ангажирани 4 лица како образовни асистенти во СОУ Св. Кирил и Методиј.За оваа програма намоместокот за ангажираните лица беше финансиран од УНДП, а општината партиципираше со сретства за плаќање на персонален данок и осигурување од несреќа при работа

во надоместокот за овие лица.Оваа Програма започна во месец септември 2021 и се уште е во тек.

Општина Неготино редовно покрива трошоци за партиципација во трошоците за згрижување воспитување одмор и рекреација на деца во јавната установа за деца ЈУОДГ Фемо Кулаков по претходно доставено Решение за остварување на право на партиципација од страна на градинката врз основа на Законот за заштита на децата.

Исто така општина Неготино повеќе години по ред ги покрива трошоците за згрижување на бездомни лица со плаќање на трошоци за станарина според претходно утврдени критериуми.

Во 2021 година со Решение на Советот на општината беше формиран Општински Совет за социјална заштита со 15 членови од повеќе институции кој редовно одржуваше состаноци за актуелните проблеми од областа на социјалната заштита.

Со Одлука на Советот во ноември 2021 општината започна со исплаќање на еднократен надоместок од 7 000 денари за секое новородено дете чии родители се жители на општина Неготино.

## И З В Е Ш Т А Ј

## за реализација на Програмата за Култура, спорт и поддршка за здруженија и фондации во 2021 година

### ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на оваа програма се:

- Обезбедување на активен однос на Општина Неготино за задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на културата;

- Зачувување, афирмација и промоција на културно – историското наследство на Општина Неготино;

- Поддршка и промовирање на талентираните уметници и творци во областа на културата и културното творештво;

- Обезбедување на активен однос на Општина Неготино за задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на спортот.

- Обезбедување на активен однос на Општина Неготино кон граѓанскиот сектор и негова поддршка и промоција.

## АКТИВНОСТИ

## ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

### Свети Трифун – Недела на виното 2021

Програмата планирана за одбележување на празникот Св.Трифун и централниот дел на манифестацијата “Недела на виното 2021” кои требаше да бидат одржани на градскиот плоштад, поради пандемијата со корона вирусот, беа одложени.

Ден на театарот – 27 март 2021
Во рамките на прославата на Светскиот ден на театарот Општина Неготино имаше планирано финансирање на театарски проект со кој требаше да вклучи со одбележувањето на овој ден.
Поради добро познатите причини и прогласувањето на пандемијата со корона вирусот, настанот беше одложен.

### Одбележување на 1 Април Ден на шегата МАСКЕНБАЛ 2021”

Поради прогласувањето на пандемијата со корона вирусот, настанот беше одложен.

**Големите музичко сценски настани кои изминатите години беа одлично организирани и посетени поради пандемијата беа одложени. Ова особено се однесува на “NEGOTINO OFF FESTIVAL 2021” кој требаше да се одржи на почетокот на јуни и Неготинска музичка вечер 2021 чија што реализација беше предвидена за 19 септември. Беше одложено и одржувањето на традиционалната стопанска манифестација “Неготински панаѓур 2021”**

**(21-23 септември)**

